**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**
**СКОПЈЕ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. до 31.12. 2011 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2012 година**

## ВОВЕД

Активностите во Центарот за стручно образование и обука – Скопје (во понатамошниот текст: Центарот), се одвиваа во согласност со Програмата за работа на Центарот во 2011 година. Извештајот е изготвен врз основа на индивидуалните извештаи за работа од вработените за периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година, и истиот е усвоен од страна на Управниот одбор на ден 28.02.2012 година.

Во текот на 2011 година, Центарот реализираше активности од следните области:

- Развој на стандарди на занимања и стручни квалификации;
- Развој на образовни програми;
- Истражување и развој на стручното образование;
- Деловна поддршка;
- Финансиски прашања; и
- Вонпрограмски задачи

Во текот на 2011 година, покрај работните задачи предвидени со годишната програма, Центарот за стручно образование и обука реализира и работни задачи кои не беа предвидени со истата, а беа зададени од страна на Министерството за образование и наука, Секретаријатот за европски прашања и други институции. Исто така, Центарот учествуваше и во активности на проекти чии носители се други институции.

## ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

## I. РАЗВОЈ НА СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

### 1.1. СЛЕДЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

За усогласување на понудата и побарувачката на соодветните кадри на пазарот на трудот за сите нивоа на стручно образование, Центарот ги користеше постојните бази на податоци обезбедени од Агенцијата за вработување на Република Македонија и други извори.

## 1.2. СОРАБОТКА СО СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ

Центарот соработуваше со повеќе институции и субјекти заинтересирани за стручното образование како што се: Стопанската комора, Сојузот на стопански комори, Стопанската комора на северозападна Македонија, Занаетчиската комора на Република Македонија, Организацијата на работодавачи, Бизнис конфедерацијата на Република Македонија и други инстистуции.

Позитивна рефлексија врз взаемната соработка со социјалните партнери имаа претходно потпишаните Протоколи за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука како основа за долгорочна стратешка соработка помеѓу Центарот и Владата на Република Македонија од една страна и социјалните партнери во областа на стручното образование и обука од друга страна, како и поединечните Меморандуми за соработка и разбирање помеѓу Центарот и останатите социјални партнери.

## 1.3. ИЗРАБОТКА НА СТАНДАРДИ НА ЗАНИМАЊА

Како и во изминатата година, така и во 2011 година, Центарот изработи 14 стандарди на занимања во различни нивоа на стручно образование, со поддршка на проектот Вештини за вработување од Британскиот Совет.

Во рамките на Твининг проектот за поддршка за модернизација на системот за образование и обука, Центарот започна со активности за изработка на 25 стандарди на стручни квалификации во стручното образование за занимања и во стручното оспособување со траење до две години.

## 1.4. УЧЕСТВО ВО ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Советниците од Центарот учествуваа на две конференции на тема: „Европска квалификациска рамка”, оддржана во Будимпешта во период од 25-26 мај, 2011 година и „Од концепт до имплементација на квалификации”, оддржана во Брисел во период од 06-07 октомври 2011 година.

Советниците од Центарот учествуваа во активностите за хармонизација на националното законодавство со Директивата за признавање на професионални квалификации 2005/36/ЕС”.

# II. РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ

## 2.1. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

Изработени се следните програмски документи:

- Пет наставни програми за втора година за образовниот профил машиновозач за дизел и електрични влечни возила;
- Седум наставни програми за трета година за образовниот профил техничар за компјутерско управување;
- Девет наставни програми за трета година за образовниот профил техничар за агроменаџмент;
- Девет наставни програми за трета година за образовниот профил техничар нутриционист;
- Четири наставни програми за втора година за образовниот профил физиотерапевтски техничар од здравствена струка за ученици со оштетен вид;
- Шест наставни програми од машинска струка за втора година за ученици со посебни образовни потреби со оштетен слух, за четиригодишно образование со петгодишно траење;
- Седум наставни програми од текстилно кожарска струка за втора година за учениците со посебни образовни потреби со оштетен слух, за четиригодишно образование со петгодишно траење;
- Наставен план и Стандард за образовниот профил Техничар дизајнер за внатрешна архитектура од Градежно-геодетската струка;
- Наставен план и Стандард за образовниот профил Конфекциски компјутерски оператор од Текстилно-кожарска струка;
- Три испитни програми за вертикална проодност на учениците со тригодишно во четиригодишно траење на образованието во економско – правна и трговска струка.

## 2.2. ИЗРАБОТКА НА ИСПИТНИ ПРОГРАМИ ЗА ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ

Бидејќи не беше искажана потреба од изготвување на испитни програми за државна матура и за завршен испит за старите наставни планови и програми, Центарот не изготви испитни програми за полагање на стручниот предмет за државна матура и за завршен испит.

## 2.3. ИЗРАБОТКА НА ТЕСТОВИ ЗА ЕКСТЕРНА ПРОВЕРКА НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Советниците од Центарот, во соработка со наставниците од стручните училишта изработија 12 (дванаесет) тестови за екстерна проверка на постигањата на учениците, за образовни профили кои за прв пат беа активни во учебната 2011/2012 година и за кои претходно не беа изработени тестови.

## 2.4. УЧЕСТВО ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДРЖАВНАТА МАТУРА И НА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Вработените во Центарот врз основа на решение на министерот за образование и наука, учествуваа како набљудувачи при спроведување на државната матура во средните училишта.

## 2.5. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Советниците од Центарот континуирано ја следеа реализацијата на наставните планови и програми. Преку средби и контакти со раководниот кадар, наставниот кадар и стручните активи на средните стручни училишта разгледуваа решенија за нивна поуспешна реализација.

## 2.6. УЧЕСТВО ВО ВРЕДНУВАЊЕТО НА ЧЕТИРИГОДИШНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на 2011 година беа одржани повеќе средби со претставниците од Бирото за развој на образованието на кои беа разгледани можностите за измени и дополнувања на општиот државен наставен план за средно стручно образование со траење од четири години, во програмското подрачје „општо образование”.

## 2.7. ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА НОВИ ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ

Врз основа на Конкуррост за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2011/2012 година беа изготвени наставни планови и стандарди за два образовни профили: Техничар дизајнер за внатрешна архитектура од Градежно-геодетската струка и Конфекциски компјутерски оператор од Текстилно-кожарска струка.

### 2.8. ИНСТРУКТИВНО - МЕНТОРСКА И КОНСУЛТАТИВНО - СОВЕТОДАВНА РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Центарот континуирано даваше поддршка на наставниците по стручните предмети при реализација на наставните програми.

Одржани се обуки на наставниците од стручните училишта на тема:

- Примена на програмата „Подготовка за вработување и работа”;
- Правна регулатива, насоки и постапки за прилагодување на наставните програми за ученици со тешкотии во развојот и учењето;
- Стручна обука за наставниците од машинската струка, на тема „3D Моделирање“.

### 2.9. СТРУЧНИ МИСЛЕЊА ЗА ПРОГРАМИТЕ ЗА СЛОБОДНИ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТАТА

Советниците од Центарот врз основа на изготвените Насоки за програмирање на слободните часови на средните стручни училишта, изготвуваа стручни мислења за програмите по слободните часови, предложени од стручните училишта.

## III. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### 3.1. УЧЕСТВО ВО ПОДГОТОВКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СОО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2012 – 2017 ГОДИНА

Во рамките на подготовките за развој на Стратегијата за развој на СОО, а врз основа на Рамката за изработка на стратегија за развој на СОО во Република Македонија 2012 – 2017 година, Центарот учествуваше во обезбедување на сите потребни информации, документи и материјали на двајцата избрани експерти од Европската фондација за обука (ЕТF).

### 3.2. ИНТЕГРАЛНА КОНЦЕПЦИЈА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Советниците од Центарот заедно со надворешни експерти изработија работна верзија на Интегрална концепција на стручното образование во Република Македонија.

## 3.3. СТАНДАРДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Согласно законската обврска, Центарот изработи работна верзија на документот „Стандарди за реализација на практичната обука кај работодавачи" и документот го достави за расправа до сите засегнати страни.

## 3.4. УЧЕСТВО ВО ИСТРАЖУВАЊА И ПРОЕКТИ ЧИИ НОСИТЕЛИ СЕ ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Центарот учествуваше во реализација на истражувања и проекти кои се однесуваат на стручното образование, а чии носители се други институции. Во текот на годината беа реализирани следните активности:

- Организирање обуки за занимања и вештини кои се дефицитарни на пазарот на трудот, за реализација на активности од ***Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година на Владата на Република Македонија***, имплементирани од страна на Агенцијата за вработување. Земено е учество во спроведувањето на оперативниот план на Владата на Република Македонија во 2011 година за повеќе занимања: електроинсталатер и електромонтер на станбени објекти, електроинсталатер и електромонтер на индустриски објекти, аргон – заварувач, келнер – гастроном, гипсер – монтер, составувач на горни делови на обувки, изработувач и монтажер на плочест мебел, болничар во медицинска установа, патронажна негувателка, забен асистент и др. Од страна на советниците од ЦСОО беа изработени испитни програми за проверка на стручната оспособеност на кандидатите кои учествуваа на обуките на програмите од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 на Владата на Република Македонија.

- Учество во реализирање на ***ИПА проекти IV компонента,*** во рамки на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечките ресурси 2007-2013. Во 2011 година Центарот започна со учество во активностите на Твининг проектот за поддршка за модернизација на системот за образование и обука, со акцент на реформа на стручното оспособување со траење до две години и стручното образование за занимања.

- Учество во активности поддржани од **УСАИД,** ЈЕС Мрежа проект – Програма за подготвеност за работа.

- Учество во активности поддржани од **УСАИД,** „Моја кариера" – Карана – изработка на наставните програми од трета година за образовниот профил Техничар за компјутерско управување од машинската струка.

- Организирани обуки за стручно усовршување на воспитно – образовниот кадар од угостителско - туристичка струка, во рамките на проектот **ТУР РЕГ Култур Контакт од Австрија**.

- Учество во изработка на Предлог - Национална политика за училиште без насилство во РМ и Предлог - Рамка за програмски документ за реализација на интегрирано образование и меѓуетнички односи во образованието и план за спроведување, подржано од УНИЦЕФ.

- Учество и активности на четвртата конференција на South Eastern Europe Regional VET Network (SEEVET-Net). Потпишан е Договор за соработка помеѓу институциите за стручното образование и обука кои дејствуваат во СЕЕЦП регионот, со што ќе се овозможи континуирана размена на информации и искуства на институциите од сите земји членки.

- Организирана  меѓународна конференција на тема:Социјална инклузија, од страна на Центарот за стручно образование и обука и ЕТФ.

## 3.5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Центарот соработуваше со разни владини и невладини органи, организации, социјални партнери, стручни и научни институции како што се:

- Влада на Република Македонија;
- Министерство за образование и наука;
- Министерството за труд и социјална политика;
- Министерство за економија;
- Министерство за финансии;
- Советот за стручно образование и обука;
- Бирото за развој на образованието;
- Агенција за вработување на Република Македонија;
- Центар за образование на возрасните;
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;
- Државен испитен центар;
- Средните стручни училишта;
- Високообразовните институции (државни и приватни) во Републиката;
- Институтите;
- Стопанската комора на Македонија;
- Сојузот на стопанските комори на Македонија;
- Комората на занаетчиите;
- Невладините организации;
- Заедница на единиците на локалната самоуправа;
- Синдикатот;
- Други субјекти заинтересирани за развој на стручното образование.

На планот на меѓународната соработка, активноста на Центарот беше фокусирана на:

- воспоставување на билатерална соработка со институции од регионот;
- потпишан е Меморандум за разбирање и соработка со Агенцијата за стручно образование и обука во Република Албанија;
- заедничка реализација на одделни проекти, посети, средби и размена на материјали и искуства.

## IV. ДЕЛОВНА ПОДДРШКА

### 4.1. ИЗРАБОТКА НА ПРЕДЛОГ НОВ ЗАКОН ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Работна група формирана со решение на директорот на Центарот работеше на изработка на нов предлог текст на Законот за стручно образование и обука. Целта е соодветно систематизирање и дополнување на постојниот Закон за стручно образование и обука за кој во тековното работење на Центарот се востанови дека не содејствува во целост со неговите функции и не ги рефлектира соодветно современите текови на развој на стручното образование и обука.

Финалната верзија на предлог текстот на новиот Закон се очекува Центарот да ја изготви во средината на 2012-та година.

### 4.2. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИЦИ И ДРУГИ ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Согласно Законот за јавните службеници се изработија и донесоа Правилник за внатрешна организација на Центарот и Правилник за систематизација на работните места во Центарот.

Врз основа на Законот и погоре наведените правилници постојните вработени се стекнаа со статус на јавни службеници. За таа цел беа изработени и решенија за распоредување на јавни службеници како и нови договори за вработување.

### 4.3. ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИ КОНКУРСИ

За изработка на програмските документи на Центарот како и за превод на истите, Центарот спроведе јавен конкурс за избор на надворешни соработници и тоа наставници од средните стручни училишта и професори од факултетите.

### 4.4. ЛЕКТОРИРАЊЕ, ПРЕВЕДУВАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ НА ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

Континуирано во текот на 2011 година, се вршеше лектура на програмските документи како и превод на документите од македонски на албански и англиски јазик.

### 4.5. ОДРЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА WEB СТРАНАТА НА ЦЕНТАРОТ И ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ

Веб страната на Центарот, беше постојано одржувана и ажурирана и тоа на македонски, албански и англиски јазик.

Исто така, редовно се објавуваат сите настани кои беа организирани од страна на Центарот или од страна на неговите партнери, со цел промовирање на работата на Центарот и новините во стручното образование и обука.

### 4.6. СМЕСТУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ВО НОВИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ

Во декември 2011 година Центарот се пресели во новите реновирани простории лоцирани во зградата на МРТВ (Македонска Радио Телевизија) на втори кат, доделни со одлука на Владата на Р. Македонија.

## V. ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

### 5.1. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН, ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ИСТИТЕ

Во рамките на годишната програма за работа на Центарот за 2011 година, се изработи и финансиски план за реализација на одобрените буџетски финансиски средства согласно потребите на Центарот.

Дел од финансиските средства за 2011 година кои иако ни беа доделени со буџетот, не беа реализирани од страна на трезорот при Министерството за финансии со што овие нереализирани налози се префрлија како долг на Центарот за во 2012-та година.

Планот за јавни набавки предвиден за 2011-та година беше реализиран во целост.

## 5.2. ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Центарот, и покрај барањата за вработување на стручни лица во одделението за финансиско - материјални прашања и контрола, не доби согласности за истите, со што ова одделение и во текот на 2011 година немаше ниту еден вработен.

Со цел водење на целокупното сметководствено / финансиско работење на Центарот согласно позитивните законски прописи, по пат на јавна набавка се ангажираа два надворешни соработника.

# 6. ВОНПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

## 6.1. УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ:

- Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка, Центарот го продолжи своето учество во проектот „Стручно образование - чекор за подобра економија” финансиран од Норвешката Влада, а го реализираат NorgesVel и ССОУ „Киро Бурназ” од Куманово, подржано од Фагриком;

- Продолжи соработката во активностите на втората фаза на проектот ТУР РЕГ, Култур Контакт Австрија за поддршка на угостителско – туристичката струка и одржан е семинар со социјални партнери за изработка на Прирачник за практична настава;

- Учество во спроведување на испити за занимањето ромски здравствен медијатор, во рамките на проектот на Декада на Ромите, Х.Е.Р.А.;

## 6.2. ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТИ:

- Изготвување на материјали на Под комитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во Брисел;

- Изготвување на месечни извештаи за работењето на Центарот и доставување до МОН и Секретаријатот за европски прашања;

- Доставени податоци за Акциониот план за конкурентност на Владата на РМ;

- Доставени податоци до Министерството за економија за Прашалникот за компилација на политиките за МСП;

- Учество во ревизија на Националната програма за усвојување на правото на европската унија 2012 година;

- Изработка на мислења за ракописи за учебници по стручните предмети;

- Изготвено мислење за Извештајот за резултатите и ефектите од спроведувањето на Националната стратегија за вработување (НСВ) 2011 и Националниот акционен план за вработување (НАПВ) 2010-2011 година, на Министерството за труд и социјална политика;

- Подготвување на мислење за Стратегијата на Министерството за труд и социјална политика и акционен план за 2012 година.

- Во соработка меѓу советниците од Центарот и Бирото за развој на образованието е изготвен предлог генерален план за спроведување на екстерно проверување на учениците во завршната година на средното образование во учебната 2011/2012 година;

- Давање мислења по Програми за отворање на приватни стручни училишта;

- Учество во изработка на Прирачник за верификација на посебните програми за образование на возрасни;

- Учество во изработка на Прирачник за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни.

## 6.3. УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ

- Учество на конференција на тема Предизвици на постсредното образование, Торино;

- Учество на 4-та конференција на земјите од југоисточна Европа за вмрежување на ВЕТ центрите во Кишњев, Молдавија;

- Учество на работни средби со заедниците на земјоделско - ветеринарна и шумарско - дрвопреработувачка струка, електротехничка, машинска и сообраќајната струка, економско – правна и трговска струка и други стручни заедници;

- Учество во работилници во рамките на проектот „Светското наследство во рацете на младите“, организирани од проектот на УНЕСКО;

- Учество на Конференција „Европска квалификациска рамка“ во Будимпешта, организирана од страна на ЕТФ;

- Учество на Конференција „Од концепт до имплементација на квалификации“ во Брисел, организирана од страна на ЕТФ;

- Учество на Конференција „Клучни предизвици за развој на нови образовни политики“ во Скопје, организирана од страна на Денови на доживотно учење во Македонија 2011;

- Учество на работилница на тема „Образование-преглед од поглавјето за развој на човечки ресурс” Скопје организиран од Европската Тренинг Фондација (ЕТФ);

- Учество на работилница за претприемничко учење, Будва, Црна Гора;

- Учество на Конференција Торино процес, Торино, Италија;

- Учество на конференција Екстерна евалвација и самооценување на стручните училишта, Будва, Црна Гора;

- Учество во студиска посета на Чешка, во работната група за само вработување и техничка помош за поддршка на Оперативниот план на Владата за активни мерки и политики за вработување за 2011 година;

- Учество на работилница Стратегии за СОО – национален приоритет, Скопје организирана од ЕТФ;

- Учество на Конференција „Креирање политики во ВЕТ врз база на докази“ во Торино, организирана од страна на ЕТФ;

- Учество на екстерната евалвација на подрачјето 1 и 8 од Актот за мали бизниси, Скопје;

- Учество на Конференција „Одржлив развој на туризмот“ во Загреб, организирана од страна на Култур Контакт Австрија;

- Учество на саем за туризам во Берлин, организирана од страна на Култур Контакт Австрија;

- Учество на семинар „Локални иницијативи за економски развој на општините Крушево, Прилеп и Ресен“ во Торино, организирана од страна на Меѓународната организација за труд;

- Присуство на меѓународни натпревари „ Автомеханичар – јуниор“ во Истанбул како гости поканети од АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје.

## 6.4. ПРОМОВИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ И УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ

- Учество во медиуми на тема „Како до квалитетно стручното образование кое ќе одговори на потребите на пазарот на трудот“;

- Учество на тркалезна маса во организација на ЦСОО на тема: „Приоритети во стручното образование и обука”;

- Учество во комисии за натпревари меѓу учениците од стручните училишта од различни струки;

- Учество во организацијата и изработка на тестови за натпревари за четиригодишното техничко образование од Електротехничката, машинската и сообраќајната струка;

- Учество во организацијата и изработка на тестови за натпревари за четиригодишното техничко образование од Земјоделско-ветеринарна струка;

- Учество во комисии за полагање на приправнички испити на наставниците;

- Учество во комисии за проверка на стручната оспособеност на кандидатите кои учествуваа на обуките на програмите од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 на Владата на Република Македонија;

- Учество во комисии за верификација на нови струки и образовни профили.

Составен дел на Извештајот за работењето на Центарот за 2011 година е и Годишниот финансиски извештај за 2011 година даден во прилог бр.1.

**ДИРЕКТОР**

**ЗЕЌИР ЗЕЌИРИ**

**Прилог 1**

# Годишен финансиски извештај за реализација на одобрениот буџет на Центарот за стручно образование и обука во период од 01.01. – 31.12.2011 година

## Р А С Х О Д И

| *Реден број* | *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|---|
| | **40** | **Плати и надоместоци** | **6.803.736,00** |
| 1. | 401 | - Основни плати на вработените | 4.966.662,00 |
| 2. | 402 | - Придонеси за социјално осигурување | 1.837.074,00 |
| | **42** | **Стоки и услуги** | **3.230.046,00** |
| 3. | 420 | **Патни и дневни расходи**<br>– патни трошоци во земјата<br>- патни трошоци во странство | ***72.973,00***<br>34.565,00<br>38.408,00 |
| 4. | 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**<br>- Електрична енергија<br>- Водовод и канализација<br>- Греење – нафта<br>- Пошта<br>- Телефон и телефакс<br>- Гориво и масла<br>- Регистрација на возило<br>- Други трошоци | ***572.904,00***<br>163.844,00<br>919,00<br>86.700,00<br>35.117,00<br>253.814,00<br>13.100,00<br>16.860,00<br>2.550,00 |
| 5. | 423 | **Материјали и ситен инвентар**<br>- Канцелариски материјали (класери, вирмани, папки, пликоа, обрасци и друг потрошен материјал)<br>- Тонери, кертриџи, рибони<br>- Ситен инвентар<br>- Списанија, весници и др. материјал<br>- Прехранбени артикли и пијалаци<br>- Средства за одржување на хигиената | ***463.600,00***<br>95.074,00<br>281.445,00<br>0,00<br>17.100,00<br>34.985,00<br>34.996,00 |
| 6. | 424 | **Поправки и тековно одржување**<br>- Одржување на веб страната<br>- Одржување на компјутерската опрема и софтвер | ***128.455,00***<br>40.191,00<br>88.264,00 |
| | 425 | **Договорни услуги**<br>- Осигурување на вработените<br>- Сметководствени услуги<br>- Благајнички и други финансиски услуги | ***1.992.114,00***<br>19.200,00<br>102.750,00<br>120.951,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | | - Услуги за одржување на хигиената<br>- Изработка на тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците (заостанат долг)<br>- Превод на документи<br>- Изработка на наставни програми<br>- Исплата на членови на Управен одбор<br>- Исплата на членови на Совет за стручно образование и обука<br>- Даноци<br>- Останати договорни услуги | 136.718,00<br><br>348.128,00<br>375.827,00<br>226.481,00<br>366.732,00<br>262.981,00<br><br>12.528,00<br>19.818,00 |
| | **48** | **Градежни објекти** | **735.851,00** |
| 8. | 481 | Реновирање на нов деловен простор | 735.851,00 |

Вкупно расходи (р.бр.1 до р.бр.8) **10.769.633,00**